Врз основа на член 383. став 1 точка 3 и 4, а во врска со член 384 став (8) од Законот за трговските друштва, Собранието на акционерите на "Аутомакедонија" АД Скопје на одржаната XXIII-та Седница на ден 29.06.2020 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за одобрување на работата на Надзорниот одбор на "Аутомакедонија" А.Д. Скопје за 2019 година и Избор на член на Надзорниот одбор на местото на Членот на кого не е одобрена работата**

Член 1.

Се одобрува работата на Надзорниот одбор на "Аутомакедонија" АД Скопје за 2019 година: Гордица Штерјева, Панче Нефтенов, Ана Чешларова и Кирил Колемишевски.

Не се одобрува работата на членот на Надзорниот одбор Виолета Дуковска.

Член 2

На местото на членот на Надзорниот одбор на кого не е одобрена работата за 2019 година за член на Надзорниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје со мандат до траење на мандатот на останатите членови на Назорен одбор се избира Борче Илиоски од Скопје..

Член 3.

За членот на Надзорниот одбор се определува месечна награда во износ од 8.000,00 денари.

Член 4.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

*Одлука бр. 02-2166/1-6 / 29.06.2020 година*

"АУТОМАКЕДОНИЈА" АД СКОПЈЕ
СОБРАНИЕ
Претседавач,

Миле Бундовски

Друштво за внатрешен и надворешен промет "АУТОМАКЕДОНИЈА" АД Скопје